(Образец ПП.......)

**ДО**
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет:

# **В Т О Р А Ж А Л Б А**

**Подносител**: Здружение на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје, со седиште на ул. „Вич" бр.28/36, 1000 Скопје, тел.: 071 356 354, e-mail: info@odnaszanas.com и законски застапник/полномошник на барателот на информацијата, Гордана Гоџо

(назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-маил на барателот на информацијата)

**Жалбена основа**: Министерство за задравство на РСМ како Имател на информацијата, во законскиот рок од 20 дена, не му овозможил на барателот пристап до информацијата и не донел и не му доставил на барателот решение за целосно или делумно одбивање на пристапот (молчење на управата), а по поднесена жалба со посредство на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер доставил нецелосен и несоодветен управен акт односно одговор за прашања кои се во негова надлежност.

**Имател на информации**: Министерство за здравство на РСМ, ул. 50 та Дивизија бр.14, 1000 Скопје, тел.: (02) 3 112 500 и факс: (02) 3113 014

На ден 1.7.2022 година, Здружението на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје (во понатамошниот текст: Здружение или Барател на информации) достави Барање за пристап до информации од јавен каратер до Министерство за здравство како имател на информации. Со оглед на тоа што Имателот на информацијата постапувајќи спротивно на закон, на поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер до Здружението како барател на информации, во законски_утврдениот рок не достави никаков одговор односно решение (со кое е должен да одговори позитивно на барањето или да го одбие барањето во целост или делумно), ниту барање за продолжување на рокот, Барателот на информации поднесе жалба.

Со посредство на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на ден 15.8.2022 година доставен е одговор до Барателот на информациите од Министерство за здравство како имател на информации.

Во одговорот имателот на информации за прашањата по точките од 1 до 10 и прашањето под број 16 навел дека не располага со информации, што за Барателот е одговор кој во целост го почитува и нема понатамошна забелешка.

Но, во однос на одговорите по прашањата 12, 13, 14, 15, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 26, 29, 30, 31, 32 и 33 навел дека не е надлежен односно дека друга институција е надлежна за овие прашања. Со оглед дека Министерството за здравство на РСМ како една од најзначајните државни институции во земјата која ги опфаќа и координира сите останати иститутции од областа на здравството, а имајќи

предвид дека сите доставени прашања се од областа на здравството, Министерството е должно на Барателот да му одговори кои се надлежни иститутиции кога веќе врши упатување.

Врз основа на сето претходно наведено и приложениот доказите предлагаме:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да ја **УВАЖИ жалбата и да му наложи на имателот на информации Министерство за здравство на РСМ да постапи согласно закон, односно да го задолжи имателот на информации да ги наведе надлежните институции одговорни за постапување по прашањата од точките 12, 13, 14, 15, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 26, 29, 30, 31, 32 и 33 во барањето од Барателот на информациите или да одлучи мериторно во однос на тоа која институција е надлежна за доставување на информацијата по наведените прашања од точките 12, 13, 14, 15, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 26, 29, 30, 31, 32 и 33 односно сама да го реши предметот.**

Прилог на жалбата:

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерство за здравство на РСМ

Во Скопје
Датум: 15.8.2022 година

----------------------------
(с.р. потпис на жалителот)